СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

од Второто продолжение на Седумдесет и шестата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 27 јули 1994 година

Скопје, јули 1994 година

**ДИСКУТАНТИ ОД II-то ПРОДОЛЖЕНИЕ НА 76-ТА СЕДНИЦА НА СОБРАНИЕТО НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА, ОДРЖАНА НА 27 ЈУЛИ 1994 г.**

1. БОШКОВ ЈОРДАН - 1, 11
2. ГОЛУБОВСКИ ВЛАДИМИР – 5
3. ЗИБЕРИ НАСЕР - 2
4. ЈОВАНОВ РИСТО - 10
5. ЛУЛОВСКИ КОЛЕ - 12, 31
6. ПОПОВСКИ ЉУПЧО - 1
7. СТЕФКОВСКИ ТОМИСЛАВ - 2, 22
8. СТОЈКОВ СТОИЛЕ - 7, 9
9. СТОЈАНОВСКИ ТОМИСЛАВ - 10

Именување комисија за надгледување на заштитата на личните податоци од пописот и други избори и именувања

седницата продолжува

# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

**од второто продолжение на Седумдесет и шестата седница на Собранието на Република Македонија одржана на 27 јули 1994 г.**

Седницата се одржа во просториите на Собранието, со почеток во 12,20 часот.

Седницата ја отвори и со неа раководеше Стојан Андов, претседател на Собранието.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Молам, повикајте ги сите пратеници, да влезат во салата и да седнат на своите места.

Молам, да се утврди точниот број на присутни пратеници. 63 пратеници се присутни во салата. Продолжуваме со работа.

Пратениците Димитар Поповски, Никола Стојановски, Тодосије Паунов ме известија дека од оправдани причини не се во можност да присуствуваат на седницата.

Констатирам дека; на седницата присуствуваат мнозинството пратеници на Собранието и дека Собранието може полноважно да одлучува.

Продолжуваме со претрес по Предлогот на одлуката за именување на претседател и членови...(не можеме да ја гледаме оваа точка. Само еден момент сега се множи текстот, а нека не извести претседателот овде на Комисијата.

Продолжуваме со претрес по Предлогот на одлуката за именување претседател и членови на Посебна Комисија за надгледување на заштитата на личните податоци од Пописот на населението, домаќинствата, ставовите, земјоделските стопанства во Република Македонија во 1994 година.

Има збор го господинот Љупчо Поповски.

I/1/ПЈ/лј

**ЉУПЧО ПОПОВСКИ:**

Почитувано претседателство, почитувани пратеници, Комисијата за избори и именување на денешната седница ги разгледа амандманите поднесени од пратениците Насер Зибери и Исмет Рамадани и истите ги усвои. Имено, едниот од амандманите се однесуваше на промена на претседателот во одлуката на оваа Посебна Комисија, наместо Тито Беличанец, да биде Стефан Георгиевски.

Вториот амандман беше наместо Абдурахман Халити, да стои Неим Селмани, пратеник во Собранието на Република Македонија. Тоа се промените кои што Комисијата ги усвои овие два амандмани од страна на двата пратеника.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали уште некој бара збор? Господин Бошков.

**ЈОРДАН БОШКОВ:**

Дами и господа, извештајот, поточно изнесениот став од име на Комисијата за прашања на именувања, за мене претставува дебакл, претставува потклекнување, претставува негирање на нашето минато. Да се заговара, затоа што професорот, претходно член на извршен совет на Република Македонија бил на таква функција, затоа што во неговиот мандат, во неговиот ресор биле преземени дејствија, дела спротивни на интересите на широка популација или поточно на една националната и тоа од Комисијата да биде уважено како аргументација, за мене е навистина поразно. Не можам да се мирам со овој приод . Ние имаме во оваа држава од 1944 година, од АСНОМ наваму на многу места лица кои биле во системот и се останати. Никогаш не се аргументирало вака.

Најпрво, ако веќе господинот професор ги оштетил интересите на албанската популација во Македонија, тоа треба да биде на некој начин

докажано. Овој стил е памфлет. Јас сметав дека во интерес на пописот, ко:ј еве со доста дефекти се спроведуваше и кој повторно не успеа да биде до крај изнесен и кои, за жал, може да ја добие судбина- та од оној од 1991 година и сметав дека во интерес на тој попис и една ваква Комисија, која ќе се формира, ќе може да помогне пописот да биде сфатен и третиран на меѓународен план поволно. Но, со овој стил дека нашите универзитетски професори биле антирасположени, биле против некаква популација, ние директно отвораме врата за многу ревизии. Јас не би одел далеку во своите претпоставки и не стравувам од федереализирање бидејќи македонската држава почива на македонското национално битие и народот си ја издејствува. А, вие колку сакате обидувајте се, потклекнувајте под притисоци, јас ова мислење на Комисијата нема да го споделам никогаш. Поразно е ова.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали уште некој бара збор? Господин Зибери.

**НАСЕР ЗИБЕРИ:**

Почитувани дами и господа, изгледа почитуваниот г-дин Бошков не го прочитал амандманот. Само да објаснам, никаква квалификации какви што спомнува г-динот Бошков во амандманот, односно образложението по амандманот не се дадени и затоа како такви ги отфрлувам затоа што несе основани.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Господин Стефковски.

**ТОМИСЛАВ СТЕФКОВСКИ:**

Почитувани пратеници, за разлика од г-динот Бошков, јас навистина го прочитав амандманот и во образложението стои "Човекот по чија вина беше бојкотиран пописот во 1994 година". Тоа стои во образложението на амандманот. Со други зборови значи кога се

излегува на говорницата треба да се говори вистината. Мене не ми е познато дека овој закон е закон на Тито Беличанец, туку овој закон е на ова Собрание. Ако е ова Собрание, во тој случај промената на името на г-динот Тито Беличанец со г-динот Стево Георгиевски, укажува на една привидна замка во која што упаѓа парламентот, а тоа е дека виновник за бојкотот во 1991 година е Собранието што го донесе законот, а не г-динот Тито Беличанец што го предложи. Законот е од овластен предлагач, а решенијата ги донесе токму ги утврди овој парламент.

Оттука, каде е вината на г-динот Беличанец. Јас не ја гледам. со други зборови се бара алиби и покривање на бојкотот од 1991 година пред европската јавност. Ова е еден перфиден начин да се издејствува една одлука во парламентот, во кој што ќе се мафта пред Европа и ќе се оправдува бојкотот што беше спроведен во 1991 година како и обидот што

се направи сега во 19 94 година. Сметам дека имаме една прикриена намера и жалам што Комисијата за избор и именувања не можеше да ја види;ми едноставно требаше да си остане на своето решение.

Против г-динот Тито Беличанец ние ќе бидеме сведоци дека ќе има и други напади, во ред, ќе има, меѓутоа, отсекогаш треба овој парламент како највисоко законодавно тело во Републиката да си ги почитува своите закони што ги однесе, а и во случајов треба да се овозможи ако навистина г-динот Беличанец учествувал во донесувањето, во предлагањето и креирањето на одредбите на законот за попис од 1991 година, дека треба да ми се овозможи да го види финалето на неговото залагање . Бидејќи секогаш е познато правилото крајот го краси делото. Пописот од 1994 година како коректив и дополнение на Пописот од 1991 година треба да биде завршен и да ја каже правата состојба и вистина во Република Македонија.

Инаку, ние воопшто ќе бараме едно покриваше за кое што сметам, нема место. Оттука, нема да гласам за оваа одлука.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали уште некој бара збор?

Г-дин Бошков се јавува по втор пат.

Може за реплика.

**ЈОРДАН БОШКОВ:**

Само да ви појаснам дека јас го прочитав тој амандман.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали уште некој друг бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по одлуката.

Молам, да утврдиме точен број на присутни пратеници. 5 6 пратеници се присутни. За гласање се потребни најмалку 61.

Молам, ќе продолжиме во 13 часот, а дотогаш да обезбедите присуство на доволен број пратеници.

(По пауза од 1,час и 20 минути повторно се гласаше во 13,20 часот (немаше доволен број на присутни пратеници).

Бидејќи не сме во состојба сега да се собереме доволен број пратеници, ве молам во 15 часот денес да се состанеме. Овде сега е свежо и може да се работи, може да се искористи времето за ручек и сите да дојдат во 15,00 часот.

(по паузата, во 15 часот и 15 минути продолжи седницата)

Продолжуваме со работа.

Да утврдиме точен број на присутни пратеници во салата.

(има доволно присутен број пратеници во салата за да може да се работи).

Предлог на одлуката го ставам на гласаше.

Има двајца пратеници кои се јавуваат за збор а тоа се г-дин Голубовски г-дин Стоиле Стојков.

Господин Голубовски има збор.

**ВЛАДИМИР ГОЛУБОВСКИ:**

Зошто ќе гласам против донесувањето на одлуката за именување на посебна Комисија за надгледување на заштитата на вистинските податоци од пописот. Затоа што прифаќањето на амандманот поднесен од двајца пратеници на ПДП значи дека наводите од образложението на нивниот амандман се прифаќаат како точни. Имено, цитирам "во точка 1, под а, за претседател на наместо д-р Тито Беличанец, да стои д-р Стефан Георгиевски, професор на правниот факултет". Во оберазложениоето е наведено "Тито Беличанец беше член на Извршениот совет на социјалистичка Македонија во последниот мандат на едно партиското собрание. Во тој период меѓу другото беше усвоен и законот за изменување и дополнување на законот за попис на населението од 1991 година, а предлагач беше токму ресорот кој што го покриваше тогашниот потпретседател на Извршниот совет д-р Тито Беличанец. Сметам дека е своевиден цинизам денес да се предлага за претседател на Комисијата за надгледување на заштитата на личните податоци во 1994 година токму човекот под чија вина беше бојкотиран пописот во 1991 година, односно предлагачот на законот, поради кој беше бојкотиран пописот".

Така е наведено во образложението на двајцата пратеници ова Собрание, како и сите институции на власта, кои по заслуга на македонските партии, кои учествуваа во власта, ниту еднаш во својот мандат не водеше сметка при конституирањето и на Собранието, но и на другите институции, на Владата и други институции за забелешките кои што беа упатувани во врска со пратениците од ПДП и НДП има случаи кога јасно беше дека тие припаѓаат на една сепаратистички-

I/6.-

сецесионистичка ориентација; Да ве потсетам, не беше дозволено да се отворат нивните досиеја при верификација на нивните мандати, ниту подоцна; во Владата, а познато е дека имаме неколку случаи, кои што ја демантираа ваквата практика како несериозно на македонските партии, кои што се нивни коалициони партнери во случај на паравојска и други случаи каде што се покажа, не врз база на инсинуации, како што сега тие тоа го прават во врска со донесувањето на одлуката за оваа комисија, туку навистина врз основа на материјални докази дека Македонија не води сметка за заштита, за превентивна заштита на својот суверените' и интегритет како држава во однос на некои внатрешни загрозувања. А, дозволуваме да отстапуваме во случаи кога се работи за кадровски листи кои што би требало да бидат предмет на одлучување на македонските партии, како што се застапени овде во македонскиот парламент. Сакам во оваа прилика да истакнам дека д-р Тито Беличанец е личност со високи морални квалитети, одличен експерт во својата струка, човек кој припаѓаше на малубројните политичари, кои во својот мандат во последниот состав на извршниот совет на СР Македонија даде значен личен придонес во остварување на правниот амбиент за политичкиот плурализам во Република Македонија. И покрај тоа што тој и малкумина други во тоа време се спротивставија; на одредени концепти на тогашната СКМ ПДГОЈ Затоа, ваквата отстапка на Комисијата за именување зад себе сметам дека крие подлабочка политичка заднина, дали тоа значи дека нема да им се дозволува на квалитетните поединци да се вратат на политичката сцена само затоа што некој оценува дека нивното враќање би ги загровило позициите на сегашните политички олигархии, особено на оние кои што припаѓаат на владеачката структура.

Собранието, исто така, не смее да ги компромитира оние личности од кои претходно побарало согласност да помогнат со нивното вклучување во разни собраниски и други тела. Иако политиката претпоставува разни валкани игри. Затоа, предлагам со неизгласување

на оваа одлука, бидејќи е завршена расправата по оваа точка како единствена можност за враќање на почеток на целта постапка.

**СТОЈАН АНДОВ:**

За збор се јави г-дин Стојков.

**СТОИЛЕ СТОЈКОВ':**

Почитувани пратеници, јас ќе бидам воздржан за гласање на Предлог одлуката за именување посебна комисија за надгледување на заштитата на личните податоци од пописот од следните причини.

Пред се, мислам дека е непримерно и не соодветно во последен момент да се менува претседателот на оваа Комисија г-динот проф. Беличанец на инсистирање на двајца пратеници од пратеничка та група на ПДП со образложението кое пред малку беше тука цитирано, но да се навратам и јас со еден цитат каде се вели дека сметаме дека е своеврстен цинизам денес да се предлага за претседател на Комисијата за надгледување на заштитата на личните податоци од пописот од 1994 година токму човекот по чија вина беше бојкотиран пописот во 1991 година. Пред се, да се потсетиме, законот за пописите во 1991 година го донесе ова Собрание. Таа влада, тогашна влада односно извршен совет чиј претседател беше Глигорие Гоговски, а потпретседател г-динот Тито Беличанец предложи законски проекти. Во тој законски проект, само да ве потсетам, стоеше дека пописот ќе се извршува и на јазикот на народностите, како што стоеше тогаш во Уставот. Меѓутоа, со амандман во ова Собрание се негираше одредена група на пратеници од ВМРО-ДПМНЕ и тој амандман беше приватен од сите вас и пописот се изведуваше на само на службениот јазик на оваа држава, според тогашниот устав, но и според сегашниот устав. Затоа, за мене е лицемерно прифаќајќи, пред се Комисијата, а се надевам односно не знам, мислам дека и Вие, пред се пратениците од позицијата ќе ја прифатите оваа измена, на некој начин се анулираат со такво прифаќање резултатите од пописот 1991 година и на пратеничката група

односно на Партијата ПДП и се дава за право пред Европските институции да тврди дека тој попис навистина го бојкотиравме, затоа што беше нелегален, нелегитимен итн. Тоа е дно признавање, тоа се антидржавни интереси. Иста состојба имавме и при попрост од 1994 година. Да го земеме Дебар само, во Дебар исто така, локални челнции на партијата ПДП јавно повикуваа да се бојкотира и овој попис. Значи, не се работи дали некои личности на некого му се допаѓаат или не, туку во овој случај имаме едно чисто дискредитирање,. односно овој не ни се допаѓа, а ние ќе ви предложиме друг. Јас не сакам да навлегувам во личностите и на двата професори ни на г-динот Беличанец ни на г-дино1 Георгиевски. Тие секој си е вреден за себе, за својата околина односно на тие студенти што им предаваат итн. Меѓутоа, се прави еден преседан во овој случај. Што ќе се случи ако утре ви понудат да кажеме овој не ни се допаѓа пред се од партијата ПДП, ни се допаѓа овој.

II/1.-JJ/МЛ

**СТОИЛЕ СТОЈКОВ**: (ПРОДОЛЖЕНИЕ)

И вие за да се сочува коалицијата, пред се да го прифаќате тоа. Тој преседан во ова Собрание треба да се оттргне. Да не си ги навредуваме, пред се, ние стручњаците што ги поседува оваа држава, без разлика дали на некој политички му се допаѓа или не му се допаѓа. Секој од тие стручњаци треба да го цениме во областа за која се оспособил. Затоа велам дека за мене претставува една чиста дискредитација на личноста во овој случај. А вие, пред се Комисијата за избор и именувања во овој случај се поведува по барањето, односно признава дека пратениците од пратеничката група кои се подносители на амандманот се во право. Тоа е апсурд. Ако ние во оваа држава и понатаму на тој начин се однесуваме, односно секој во оваа држава да уценува или да се заканува, а мнозинството да му попушта поради некој мир во куќата, така оваа држава не ќе може да напредува, пред се па ни демократијата не ќе може да напредува, но и нашите меѓучовечки односи ќе не можат да напредуваат, односно барем да се стабилизираат. Јас често пати овде употребувам, мило ми е што го гледам во министерот за внатрешни работи и зборуваше во Тетово, го слушав и кажа не мора да го употребуваме зборот соживот, туку она комшиско живеење, во ред е. Тоа комшиско живеење бара почитување. Ако е господинот Беличанец прашан, господине прифаќате ли да бидете претседател на оваа Комисија, а тој - да прифаќам, повелете изберете ме и сега наеднаш поради некој си туѓи квалификации се деградира неговата личност. Затоа на крај ќе бидам воздржан во гласањето.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор Ристо Јованов.

II/2.-

**РИСТО ЈОВАНОВ:**

Само една две реченици како ќе гласам, односно нема да гласам ни против ни за ни воздржан, затоа што господинот Стефан Горѓиевски ми е личен пријател, личен пријател ми е и господинот Беличанец. Меѓутоа мене ме интересира, знаете ли зашто, кој го предложи во Комисијата за именување и избор господинот Тито Беличанец, а сега молчи. Кој го предложи. Еве јас не знам. Ако вие го предложивте мојот уважен пријател - комшија Стефан Горѓиевски, јас воопшто немаше ништо ни да знам дека бил предложен и Тито Беличанец. Сега вие го предлагате господинот Беличанец, од вашиот коалиционен партнер доаѓа дека не го сакаат заради некој минат труд од 1990/91 година и вие го изменувате. Бидете храбри, вие во Комисијата, вие сами присуствувате таму колку што знам јас и во Комисијата од ВМРО-ДПМНЕ никој не ви присуствува. Сами предлагате, сами избирате и сега овде нас не држите два дена за една иста работа. Затоа потврдувам дека нема никако да гласам.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор господин Томислав Стојановски.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Дами и господа во сличен стил ќе биде и мојата дискусија. Мотивот е ист како и на претходниот колега пратеник зашто во прашање овде е процедура што треба да се спроведе. Истата Комисија ако имала амандман ние пред Собранието, овде имаме сознание дека биле два или повеќе кандидати за прво место односно за претседател на оваа комисија. Меѓутоа ова е преседан кога дошло мислењето на Комисијата пред Собранието и амандманското делување пред Комисијата да се разгледува повторно и се прифаќа без да се даде образложение зашто тоа се прави.

II/3.-

Двајцата во прашање колеги мои не ги ценам поодвоено според нивните квалитети, меѓутоа сега во овој момент нелогичното барање на една пратеничка група затоа што тие мислат да им е нанесена штета во една работа, а сами штетата си ја предизвикале затоа што не го почитувале законот. А не дека господин Тито Беличанец не го спроведувал законот. Треба да правиме разлика при донесување на закон тука е Собранието и тоа донесува а во спроведувањето на законот е извршната власт. Тито Беличанец ниту учествувал при донесувањето на овој закон ниту го спроведувал. Мене ме интересира што е таа мана што треба да му се најде. Ако е сега во прашање уцена, тогаш јас еднаш изговорив од оваа говорница коалицијата и Владата се нужни, меѓутоа таа Влада треба да служи за интерес на државата а не на интересот на коалицијата. Ако се служи во интерес на коалицијата, тогаш доаѓаат и други секакви можни разбирања и недоразбирања од една страна, и допуштање да се врши уцена за непостоење на квалитетна коалиција. Во овој случај ако ПДП мисли дека Владата ќе и попушти само заради тоа што треба да има мир во куќата, во Владата, ќе немаат мир во државата. А проблемот е токму во тоа да имаат мир во државата а не во куќата, во Владата. И една ваква уцена јас не би ја прифатил. Поради ова почитувани колеги јас не да не сакам да гласам, не да кажам дека нема да гласам за или против или воздржан, туку јас нема да гласам. Според тоа во уценувачки одлуки не сакам да учествувам.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор господин Бошков.

**ЈОРДАН БОШКОВ:**

Дами и господа јас сакам само да појаснам која позиција ќе ја држам при гласањето. Имено, кога гласавме поименично на крајот од 59-та седница за доверба на Владата, кој е во салата е на гласа никако тој

не е тука, така е запишано во стенограмата. Да јас ви благодарам и сметајте дека не сум тука.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор господин Лулевски.

**КОЛЕ ЛУЛЕВСКИ:**

Господа пратеници јас сум еден од члeновите на Комисијата за избори и именувања и присуствував на денешната седница, но образложението кое е понудено со амандманот од страна на пратениците Зибери и Рамадани ме стави во дилема, фактички во самата Комисија гласав против амандманот и сега би гласал против ваков амандман и тоа категорично и против ваква одлука само поради причината и образложението што ни го понудија предлагачите на амандманот. Не можам да прифатам и нема никој тука во Собранието кој може да прифати такво образложение со кое целата кривица околу пописот од 1991 година и донесувањето на законот да се префрли на една личност од минатото, фактички да му се пресуди на еден човек за целиот негов натамошен живот, кариера и работа. Не може да прифатам, понатаму ќе ви ја кажам реченицата што е таму кажана и морам да го цитирам тоа "токму човекот по чија вина беше бојкотиран пописот". Значи со тоа ние веќе го осудуваме и можеме да бараме, според мене и оштета заради досегашните трошкови што се направени од страна на државата за одржување на вториот попис. Значи не е само крив за одржаниот однос кон бојкоти- раниот попис во 1991 година, понудениот кандидат сега со амандман, да се исфрли кандидатот и понудениот кандидат беше предложен од страна на Стручната служба на Владата. Ако понудениот претседател беше навистина токму тој кривец за неодржаниот и бојкотираниот попис од страна на одредена националност, јас сигурно тука не би се сложил и би останало доживотно една голема флека од огромна трага и можам да кажам дека нехумана

II/5.-

на еден професор универзитетски со вакво образложение. До колку предлагачот сака да го измени образложението и да не го стави како главен кривец, би се согласил со секакви промени, како пратеник, бидејќи мене ми е сеедно дали ќе биде претходниот или сегашниот понуден кандидат. Но, со вакво образложение дозволете што не сакам да го прочитам, не знам зошто мојата кривица беше веројатно што амандманот го немав во Комисијата, сум гласал така од инстинкт против измените во понудениот предлог. Но жалосно е и уште еднаш сакам да повторам за вакво образложение да се гласа, за еден наш универзитетски професор.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Бидејќи сега треба да гласаме, а некои излегоа, се про- мени бројната состојба на пратениците, молам да се утврди точниот број на пратениците.

(Во салата се врши пребројуваше на присутните пратеници).

Присутни се 62 пратеника.

Минуваме на гласање.

Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака?

54 пратеници гласа за.

Дали некој има против?

5 пратеника се против.

Дали има некој воздржан?

4 пратеника се воздржани.

Констатирам дека Собранието ја донесе Одлуката за именување претседател и членови на Комисијата за надгледување на заштитата на личните податоци од пописот на населението, домаќинствата, становите и земјоделските стопанства во Република Македонија во 1994 година.

Минуваме на **<u>точката 5</u>** - <u>Предлог на одлука за именување вице гувернери на Народната банка на Република Македонија.</u>

Предлогот на одлуката ви е поделен.

Отворам општ претрес.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот. Отворам претрес по одлуката.

Предлогот Глигор Бишев да биде именуван за вице гувернер на Народната банка на Република Македонија го ставам на гласање.

Молам, кој е за, да крене рака?

59 пратеници гласаа за.

Дали е некој против?

2 пратеници се против.

Дали некој се воздржува од гласање?

2 пратеници се воздржуваат од гласање.

Констатирам дека Глигор Бишев е именуван за вице гувернер на Народната банка на Република Македонија.

Предлогот Душанка Христова да биде именувана за вице гувернер во Народната банка на Република Македонија, го ставам на гласање.

Кој е за предлогот, молам да крене рака.

59 пратеници гласаа за.

Дали е некој против? (Никој).

Дали некој се воздржува од гласање?

2 пратеника се воздржуваат од гласање.

Констатирам дека Душанка Христова е именувана за вице гувернер на Народната банка на Република Македонија.

Предлогот Шабан Превала да биде именуван за вице гувернер во Народната банка на Република Македонија, го ставам на гласање.

Кој е за предлогот, нека крене рака?

61 пратеник гласаа за.

Дали е некој против?

1 пратеник е против.

Дали некој се воздржува?

2 пратеници се воздржуваат.

Констатирам дека Шабан Превала е именуван за вице гувернер во Народната банка на Република Македонија.

Констатирам дека Собранието ја донесе Одлуката за именување на вице гувернери во Народната банка на Република Македонија

Минуваме на **б точка** - Предлог на одлука за разрешување именување претседател и членови на Одборот за доделување на наградата "Мито Хаџивасилев Јасмин".

Предлагам и по оваа точка дискусијата да биде во траење од 7 минути за пратениците, а за координаторите на пратеничките групи во траење до 15 минути.

Кој е за овој предлог, молам да крене рака?

57 пратеници гласаа за.

Дали некој е против предлогот?

5 пратеници се против?

Дали некој се воздржува од гласање? (Не).

Констатирам дека предлогот е усвоен.

Предлогот на одлуката ви е доставен.

Отворам претрес.

II/8.-

Дали некој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Кој е за Предлогот на одлуката, молам да крене рака?

56 пратеници гласаа за. Дали е некој против?

1 пратеник е против.

Дали некој се воздржува од гласање?

3 пратеника се воздржуваат од гласање.

Констатирам дека Собранието ја донесе Одлуката за разрешување и именување претседател и членови на Одборот за доделување на наградата "Мито Хаџивасилев Јасмин".

**СТОЈАН АНДОВ:**

Преминуваме на **7-та точка** од дневниот ред.

Предлагам и по оваа точка пратеник да говори само еднаш и тоа во траеше до 7 минути, а координаторите на пратеничките групи во траење до 15 минути.

Кој е за овој предлог молам да крене рака?(55 пратеника)

Дали има некој против? (6 пратеника)

Дали некој се воздржува од гласаше? (Никој)

Констатирам дека предлогот е усвоен.

- Предлози на одлуки за разрешување и именување претставници на Републиката во органите на управување и тоа:

- За разрешување и именување претставници на Републиката во Советот на Земјоделскиот факултет во Скопје;

- За разрешување и именување претставник на Републиката во Советот на Институтот за национална историја - Скопје;

- За разрешување и именување претставници на Републиката во Собирот на работните луѓе на Високата земјоделска школа во Битола;

- За разрешување и именување претставници на Републиката на Вишата медицинска школа во Битола;

- За именување претставници на Републиката во Советот на Фармацеутскиот факултет во Скопје;

- За именување претставници на Републиката во Советот на Ветеринарниот факултет во Скопје;

- За разрешување и именување претставници на Републиката во Советот на Центарот за професионална рехабилитација на младинци со оштетен слух "25 Мај" - Скопје;

- За разрешување и именување претставници на Републиката во Советот на Заводот за рехабилитација на деца и младинци со оштетен вид "Димитар Влахов" - Скопје.

- За разрешување и именување претставници на Републиката во Советот на Републичкиот завод за унапредување на домаќинството

- за разрешување и именување претставници на Републиката во Советот на Технолошко - металуршкиот факултет во Скопје

- за разрешување и именување претставници на Републиката во Советот на Центарот за образование на кадри за безбедност и општествена самозаштита "Елисие Поповски - Марко" во Скопје

- за разрешување и именување претставници на Републиката во Советот на Кинотеката на Македонија

- За разрешување и именување претставници на Републиката во Советот на Работната организација - Медицински факултет - Скопје

- За разрешување и именување претставници на Републиката во Советот на Стоматолошкиот факултет во Скопје

- За именување претставник на Републиката во Советот на РО Земјоделски институт - Скопје

- За разрешување и именување претставник на Републиката во Советот на Институтот за фолклор "Марко Цепенков"-Скопје

Предлозите и одлуките и исправката ви се доставени.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Предлозите на одлуките ги ставам на гласање.

Кој е за предлозите на одлуките, молам да крене рака? (53)

53 пратеници гласаа за

Дали е некој против? (1)

Дали некој се воздржува од гласање? (3)

Молам, да се утврди точен број на присутни пратеници во салата.

Инаку, гласаа 57 пратеника.

Во салата имаат вкупно 67 пратеника.

Констатирам дека Собранието ги донесе одлуките за разрешување и именување претставници на Републиката во органите на управување.

Преминуваме на **8-та точка** од дневниот ред.

Предлагам и по оваа точка пратеник да говори само еднаш и тоа во траење од 7 минути, а координаторите на пратеничките групи во траење од 15 минути.

Кој е за овој предлог, молам да крене рака? (53)

Дали е некој против? (2)

Дали некој се воздржува од гласање? (3)

Констатирам дека предлогот е усвоен.

**Точката 8 гласи** - Предлог на одлука за изменување на Одлуката за разрешување и именување претставници на Републиката во Советот на факултетот за музичка уметност во Скопје.

Предлогот на одлуката ви е доставен.

Отворам претрес.

Молам, кој бара бор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Кој е за предлогот на одлуката молам да крене рака? (54)

Дали е некој против? (никој)

Дали некој се воздржува од гласање? (4)

Констатирам дека Собранието ја донесе одлуката за изменување на одлуката за разрешување и именување претставници на Републиката во Советот на Факултетот за музичка уметност во Скопје.

Преминуваме на **9-тата точка** од дневниот ред -

Предлагам и по оваа точка пратеник да говори само еднаш и тоа во траење од 7 минути, а координаторите на пратеничките групи во траење од 15 минути.

Кој е за овој предлог, молам да крене рака? (54)

Дали има некој против? (2)

Дали некој се воздржува од гласање? (4)

Констатирам дека предлогот е усвоен.

**Точката 9 гласи** - Предлози на одлуки за именување членови на конкурсни комисии за именување индивидуални работоводни органи и тоа:

- За именување членови на Комисијата за изготвување предлог за именување индивидуален работоводен орган на Вишата медицинска школа во Битола;
- За избор на членови на Конкурсната Комисија за именување индивидуален работоводен орган на Македонската филхармонија;
- За именување членови на Комисијата за изготвување предлог за именување индивидуален работоводен орган - декан на Шумарскиот факултет - Скопје;
- За именување членови на Комисијата за изготвување предлог за именување индивидуален работоводен орган - декан на Технолошко-металуршкиот факултет во Скопје;
- За именување членови на Комисијата за изготвување предлог за именување индивидуален работоводен орган - декан на факултетот за туризам и угостителство - Охрид;
- За именување членови на Комисијата за изготвување предлог за именување индивидуален работоводен орган - декан на Земјоделскиот факултет во Скопје;

- За именување членови на Комисијата за изготвување предлог за именување директор на Вишата земјоделска школа во Битола;

- За избор на членови на Конкурсната Комисија за именување индивидуален работоводен орган - управник на 003Т Национален парк "Галичица" - Охрид.

Предлозите на одлуките ви се доставени.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Предлозите на одлуките ги ставам на гласање.

Кој е за предлозите на одлуките, молам да крене рака? (58)

Дали има некој против? (никој)

Дали некој се воздржува од гласање? (1)

Констатирам дека Собранието ги донесе одлуките за именување членови а конкурсни комисии за именување индивидуални работоводни органи.

Преминуваме на **10-тата точка**

Предлагам и по оваа точка пратеник да говори само еднаш и тоа во траење од 7 минути а координаторите на пратеничките во траење до 15 минути.

Кој е за овој предлог, молам да крене рака? (53)

Дали има некој против? (2)

Дали некој се воздржува од гласање? (3)

Констатирам дека предолгото е усвоен.

**Точката 10 гласи** - Предлози на одлуки за избор на членови на управни одбори на одделни здравствени организации и тоа:

Има збор господинот* Стефковски.

III/6

**ТОМИСЛАВ СТЕФКОВСКИ:**

Почитуван претседател, почитувани пратеници,

Излегов за една деловничка интервенција, па го молам претседателот како претседавач кој раководи со Собранието, да објасни дали на пратеник кој е избран од овој Парламент на одредена функција кога му престанува мандатот и дали не треба да ја напушти оваа сала.

Благодарам.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Видете, на ова прашање ќе даде одговор Комисијата за мандатно - имунитетни прашања на која ќе го упатам.

Тоа стои во Уставот.

- За избор на членови на Управниот одбор на Републичкиот завод за трансфузиологија;

- За избор на членови на Управниот одбор на болницата за нервни и душевни болници с. Бардовци - Скопје;

За избор на членови на Управниот одбор на Завод за медицинска рехабилитација на Република Македонија;

За избор на Управниот одбор на специјалната болница за белодробна туберкулоза "Јасеново" с. Јасеново - Титов Велес и

- За избор на членови на Управниот одбор на Институтот за белодробни заболувања и туберкулоза на Република Македонија.

Предлозите на одлуките ви се доставени.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Предлозите на одлуките ги ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (54)

Дали е некој против? (никој)

Дали некој се воздржува од гласање? (никој)

Констатирам дека Собранието ги донесе одлуките за избор на членови на управни одбори на одделни здравствени организации.

Преминуваме на **11-тата точка**

- Предлагам и по оваа точка да говори само еднаш и тоа во траење до 7 минути а координаторите на пратеничките групи до 15 минути.

Кој е за овој предлог, молам да крене рака? (55)

Дали има некој против? (5)

Дали некој се воздржува од гласање? (никој)

Констатирам дека Предлогот е усвоен.

**Точката 11 гласи** - Предлог на одлука за избор на членови на Конкурсната комисија за именување индивидуален работоводен орган на Републичкиот завод за унапредување на домаќинството.

Предлогот на одлуката ви е доставен.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Кој е за предлогот на одлуката молам да крене рака? (55)

Дали има некој против? (нема)

Дали некој се воздржува од гласање? (никој)

Констатирам дека Собранието ја донесе Одлуката за избор на членови на Конкурсната Комисија за именување индивидуален работоводен орган на Републичкиот завод за унапредување на домаќинството.

Преминуваме на **12-тата точка** :

- Предлагам и по оваа точка пратеник да говори во траење до 7 минути, а координаторите на пратеничките групи во траење до 15 минути.

Кој е за овој предлог, молам да крене рака? (53)

Дали е некој против? (4)

Дали некој се воздржува од гласање? (никој)

**Точката 12 гласи** - Предлог на одлука за изменување на Одлуката за разрешување и именување претседател и членови на Републичкиот совет за безбедност на сообраќајот и патиштата.

Предлогот на одлуката ви е доставен.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Кој е за Предлогот на одлуката молам да крене рака? (55)

Дали има некој против? (1)

Дали некој се воздржува од гласање? (3)

Констатирам дека Собранието ја донесе одлуката за изменување на Одлуката за разрешување и именување членови на Републичкиот совет за безбедност на сообраќај и патиштата.

Преминуваме на **13-тата точка**

- Предлагам и по оваа точка пратеник да говори само еднаш и тоа во траење до 7 минути а координаторите во трае до 15 минути.

Кој е за овој предлог, молам да крене рака? (54)

Дали има некој против? (2)

Дали некој се воздржува од гласање? (никој)

Констатирам дека Предлогот е усвоен.

**Точката 13 гласи** - Предлог на одлука за изменување на Одлуката за избор на претседатели и членови на Комисијата за општествен надзор и претставки, Комисијата за контрола над работата на Службата за државна безбедност и Комисијата за образование,наука и култура.

Предлогот на одлуката ви е доставен.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Предлогот на одлуката го ставам на гласање?

Кој е за Предлогот на одлуката молам да крене рака? (56)

Дали има некој против? (1)

Дали некој се воздржува од гласање? (1)

Констатирам дека Собранието ја донесе Одлуката за изменување на Одлуката за избор на претседатели и членови на Комисијата за општествен надзор и претставки, Комисијата за контрола над работата на Службата за државна безбедност и Комисијата за образование, наука и култура.

Преминуваме на **14-тата точка** од дневниот ред

- Предлагам и по оваа точка пратеник да говори само еднаш и тоа во траење до 7 минути, а кооординаторите на пратеничките групи во траење до 15 минути.

Кој е за овој предлог, молам да крене рака? (55)

Дали има некој против? (1)

Дали некој се воздржува од гласање? (1)

Констатирам дека предлогот е усвоен.

**Точката 14 гласи** - Предлози на одлуки за изменување на одлуките за формирање на пратенички групи за меѓупарламентарна соработка со Република Турција, Албанија и Бугарија.

Предлозите на одлуките ви се доставени.

Отворам општ претрес по Предлог на одлуката за изменување на Одлуката за формирање на пратеничка група за меѓупарламентарна соработка со Република Турција.

Молам, кој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по текстот на Предлог на одлуката.

Молам, кој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот и Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (61)

**СТОЈАН АНДОВ:** (ПРОДОЛЖЕНИЕ)

61 пратеник гласаа за.

Дали некој е против?

2 пратеника.

Дали некој се воздржува од гласаше? (Никој).

Констатирам дека Собранието ја донесе Одлуката за изменување на Одлуката за формирање на пратеничка група за меѓупарламентарна соработка со Република Турција.

Отворам општ претрес по Предлогот на одлуката за изменување на Одлуката за формирање на пратеничка група за меѓупарламентарна соработка со Република Албанија.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на одлуката.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот и Предлогот на одлуката го ставам на гласање-

Кој е за, молам да крене рака?

57 пратеници гласаа за.

Дали некој е против? (Никој).

Дали некој се воздржува од гласање? (Никој).

Констатирам дека Собранието ја донесе Одлуката за изменување на Одлуката за формирање на пратеничка група за меѓупарламентарна соработка со Република Албанија.

Отворам општ претрес по Предлогот на одлуката за изменување на Одлуката за формирање на пратеничка група за меѓупарламентарна соработка со Република Бугарија.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на одлуката.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот и Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака.

58 пратеници гласаа за.

Дали некој е против?

1 пратеник.

Дали некој се воздржува од гласање? (Никој).

Констатирам дека Собранието ја донесе Одлуката за изменување на Одлуката за формирање на пратеничка група за меѓупарламентарна соработка со Република Бугарија.

Преминуваме на **15 точка**.

Предлагам и по оваа точка пратеник да говори само еднаш и тоа во траење до 7 минути, а координаторите на пратеничките групи во траење до 15 минути.

Кој е за овој предлог, молам да крене рака?

57 пратеници гласаа за.

Дали некој е против?

2 пратеника.

Дали некој се воздржува од гласање?

2 пратеника.

Констатирам дека предлогот е усвоен.

Предлог на одлука за изменување на Одлуката за избор на членови на Советот на Народната банка на Македонија.

Предлогот на одлуката ви е поделен.

IV/3.-

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор?

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:**

Почитувани пратеници, имајќи ја предвид одлуката која е доставена и образложението кое е напишано во Предлог- одлуката предлагам Собранието да не ја прифати одлуката од причина што ако гласаме за таа одлука со тоа образложение, произлегува дека ова Собрание е инструментализирано, а дека Народната банка и нејзиниот Совет е само филијала на едно претпријатие во Републикава. Од тие причини предлагам да не гласаме за одлуката со такво образложение.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали некој друг бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Кој е за Предлогот на одлуката, молам да крене рака.

42 пратеника гласаа за.

Дали има некој против?

14 пратеника.

Дали некој се воздржува од гласање?

3 пратеника.

Констатирам дека Собранието ја донесе Одлуката за изменување на Одлуката за избор на членови на Советот на Народната банка на Македонија.

Преминуваме на **16 точка**

Предлагам и по оваа точка пратеник да говори само еднаш и тоа во траење до 7 минути, а координаторите на пратеничките групи во траење до 15 минути.

Кој е за овој предлог, молам да крене рака?

52 пратеници гласаа за.

Дали има некој против?

1 пратеник е против.

Дали некој се воздржува од гласање? (Никој).

Констатирам дека предлогот е усвоен.

Предлог на одлука за именување членови на Посебната комисија за изготвување предлог за именување декан на Стоматолошкиот факултет во Скопје.

Предлогот на одлуката ви е поделен.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Кој е за Предлогот на одлуката, молам да крене рака?

57 пратеници гласаа за.

Дали има некој против? (Никој).

Дали некој се воздржува од гласање?

2 пратеника.

Констатирам дека Собранието ја донесе Одлуката за именување членови на Посебната Комисија за изготвување предлог за именување Декан на Стоматолошкиот факултет во Скопје.

Бидејќи дневниот ред е исцрпен, ја заклучувам Седумдесет и шестата седница на Собранието на Република Македонија.

Седницата заврши во 16,10 часот).

IV/5.-

Имаме едно писмо од Владата да се вратиме на Законот за политички партии.

Ако се согласувате сега да се вратиме на 74-та седница за Законот за политички партии.

Ве молам, само тоа можеме, инаку не можеме да утврдуваме дневен ред на 78-та седница, затоа што немаме од Владата доволно луѓе овде.

Кој е за овој предлог, молам да крене рака?

49 пратеници гласаа за.

Дали некој е против? (Никој).

Дали некој се воздржува од гласање?

1 пратеник.

Прво да утврдиме сега дали имаме кворум, дали можеме да продолжиме со работа.

Во салата се присутни 62 пратеника.

Коле Луловски има процедурална забелешка.

**КОЛЕ ЛУЛОВСКИ:**

Господа пратеници, ве разбирам, владее со државата мнозинството, но со правото би требало да се почитува и малцинството, а доколку сака да се работи. Бев доста фер во досегашните дискусии, сакав до некаде да ви дадам индиректна услуга, можеби сакав да си ја извршам задачата како пратеник да учествувам на 76-та и 78-та седница, но- во ваков вид ако сака Владата да владее со малцинството, тоа веќе не е демократија, тоа личи на анархија, не личи ниту на Собрание, туку личи на еден Бит Пазар, не личи ниту на работнички совет од времето на самоуправувањето, веќе личи на нешто друго, личи на една Влада која не знае сама со себе да си владее.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам во овој момент сме без кворум.

Ја прекинуваме работата.

Ќе продолжиме утре во 10 часот.

Седницата заврши во 16,15 часот).